**СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ**

# ОДЛУКА
## за утврдување на висината и начинот на исплата на дивиденда

Скопје, мај 2017 година

Врз основа на член 487 и 490 од Законот за трговските друштва (Сл. Весник на РМ бр. 28/2004...61/2016) и член 26 од Статутот на Стопанска банка АД - Скопје (С.О. бр. 339/15.12.2016, пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД - Скопје, на седницата одржана на ___.05.2017 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на висината и начинот на исплата на дивиденда**

1. Собранието на акционери на Стопанска банка АД - Скопје (СБ) одобрува исплата на дивиденда за обични акции во вкупен бруто износ од 2.217.442.860,00 денари.

2. Бруто дивидендата по акција изнесува 127,00 денари.

3. Датум на евиденција, според кој се определува листата на акционери кои имаат право на дивиденда, односно датум на пресек на акционерската книга е 15.06.2017 година.

4. Последен ден на тргување со право на дивиденда е 12.06.2017 година.

5. Прв ден на тргување без право на дивиденда ќе биде 13.06.2017 година.

6. Исплатата на дивиденда ќе започне од 30.06.2017 година.

7. СБ ќе објави известување до акционерите кои имаат право на дивиденда во најмалку еден дневен весник и на веб страницата на СБ.

8. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

**Претседавач,**

С.О. Бр.
___.05.2017 година
С К О П Ј Е

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

За фискалната 2016 година, Стопанска банка АД - Скопје оствари добивка по оданочување во износ од 2.239.791.560,00 денари.

Овој предлог ја утврдува височината и начинот на исплата на дивиденда врз основа на релевантните одредби од Законот за трговски друштва. Се предлага добивката од 2016 година да се распредели како бруто дивиденда за обичните акции во износ од 2.217.442.860,00 денари, кои ќе бидат исплатени на акционерите на Стопанска банка АД - Скопје. Вкупниот број на обични акции изнесува 17.460.180, а бруто дивидендата по акција изнесува 127,00 денари.

Согласно со законската регулатива, исплатата ќе започне од 30.06.2017 година. Дивидендата ќе биде исплатена на сите запишани акционери на обични акции на денот на пресек на акционерската книга на 15.06.2017 година.

Банката ќе ги одземе од бруто износот на дивиденда и плати сите даноци согласно со важечката законска регулатива во земјата, на денот на исплатата на дивидендата.

Имајќи го предвид наведеното, се предлага Собранието на акционери на СБ да ја донесе оваа Одлука.

Скопје, април 2017
**НАДЗОРЕН ОДБОР**